*МАКЕДОНИЈА*

# Новинарите денес на протест поради пресудата против ИРЛ

Објавено пред **1 месец - 17 ноември, 2023**
Од **Е. Т. / Макфакс**




Здружението на новинарите и Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници,

Дознај прв!

Од ЗНМ во најавата за протестот велат дека се однесува на судската пракса, која беше воведена со пресудата против Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ,) каде што судот си одреди улога да решава кој смее, а кој не смее да работи како новинар.

Предвидени се и изјави за медиумите.

ИРЛ беше осудена за клевета по тужба на поранешниот вицепремиер Кочо Анѓушев и компанијата БРАКО за емисијата „Заговор против воздухот“.

Во образложението на пресудата судијката Јованка Спировска-Панева наведува дека истражувањата на ИРЛ не смееле да се публикуваат пред граѓаните, туку требало исклучиво да се користат за внатрешна едукација на вработените. Таа го отфрли исказот на уредничката на ИРЛ, Сашка Цветковска, со образложение дека таа и ИРЛ не се новинари и медиум.

Од ИРЛ, по пресудата, реагираа дека тие не се осудени за клевета, туку осудени се оти постојат, а поддршка добија од голем број новинари и медиуми. Основниот граѓански суд, велат од ИРЛ, преку судијката Јованка Спировска-Панева протолкува дека непрофитните организации, кои во земјата се занимаваат со истражувачко новинарство, не претставуваат медиумски организации, па поради тоа таа ги отфрлила доказите на ИРЛ во спорот со Анѓушев.

Против судијката Јованка Спировска-Панева, Здружението на новинарите поднесе претставка до Судскиот совет на 19 октомври. Бара да се утврди дисциплинска одговорност против неа бидејќи без објаснување и решение одлучи да ги исклучи новинарите од судница за да ги соочи главната уредничка на ИРЛ, Сашка Цветковска, и Анѓушев. Медиумите беа спречени да известуваат од рочиштето, а јавноста немаше шанса да биде информирана за оваа судска постапка.

По пресудата, реагира и претседателот Стево Пендаровски.

„Етикетирање, дискредитација и обиди за регулирање новинари и медиуми имаше и во минатото и сведоци сме дека таквите процеси не доведоа до демократски развој. Како држава, која се определила за членство во ЕУ и споделување на европските вредности за демократија, транспарентност и одговорност, потребно е да ги почитуваме и спроведуваме меѓународните

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

**ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ:**

ПРЕТХОДНО
**Израелски министер: Ова е погрешна насока, преговараме со нацистот и со неговиот спонзор**

СЛЕДНО
**Нетанјаху: Се обидуваме да го намалиме бројот на убиени цивили во Газа, но безуспешно**

*БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...*

*МАКЕДОНИЈА*

# Финансиската поддршка за ранливите категории на граѓани е на нивните сметки

Објавено пред **14 минути** **- 28 декември, 2023**
Од **М. Т. / Макфакс**



согласно Законот за финансиска поддршка е исплатена. Во оваа група на исплати спаѓаат корисници на посебен додаток, корисници на правото на надоместок заради попреченост, самохрани родители, кои се евидентирани корисници на

гарантирана минимална помош и корисници на право на пензија во висина до 19.000 денари.

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

*МАКЕДОНИЈА*

# Меџити: Лично иницирав вонредна инспекција по смртта на родилката од Делчево

Објавено пред **34 минути** - **28 декември, 2023**
Од **Маја Илиевска-Пачемска**

makfax

Делчево. Во Клиничкиот центар беше препратена од штипската болница во која ја породиле, но поради обилно крвавење заедно со бебето била препратена во Скопје.

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

МАКЕДОНИЈА

# Етничката припадност за Ковачевски и за Меџити не може да биде професија, но законски се вработувањата на ГАК според националност

Објавено пред **49 минути** - 28 декември, 2023
Од **Маја Илиевска-Пачемска**

Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство (ГАК) законски бара националност по распишаниот оглас за нови вработувања, се оправдуваат денес министерот за здравство Фатмир Меџити и премиерот Димитар Ковачевски. Обајцата сметаат дека националноста не е мерило за професионалноста, но институциите морале да постапат законски и да наведат која националност недостасува за да се обезбеди правична застапеност.



Copyright © 2018 - Member of IAB Macedonia